**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527 81.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ
Бр. 0204-69/2024
26.07.2024 год.
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЗА ПОМОШ НА БЕЗДОМНИЦИ, СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА И ПОЕДИНЦИ ЉУБЕЗНОСТ – СКОПЈЕ ВО 2023 ГОДИНА

Социјалната правда, иако не е секогаш помеѓу врвните приоритети во нашата држава, е многу актуелна и потребна во Северна Македонија поради големото социјално раслојување и големата сиромаштија кои владеат во нашата земја и кои за жал во последните неколку години се во пораст. Затоа, значењето на социјалната заштита постепено се зголемува и за неа се повеќе се зборува и во јавноста и во политичките кругови. Како и досега, ние од Здружението на граѓани за поддршка на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност – Скопје продолжуваме да работиме со партнерите од заедницата за да доставиме програми и услуги кои ќе помогнат за подобрување на благосостојбата и социјална интеграција на ранливите и маргинализирани групи на граѓани кои се наши корисници. Во нашето работење, ние како примери ги земаме развиените социјални држави од Европската Унија кон која се стреми нашата држава и овде ги применуваме нивните методи и искуства. Врз основа на овие примери и водејќи се поконкретно од нашата визија, а поопшто од нашиот стратешки план ние се стремиме да создадеме средина во која жителите на Скопје и на Северна Македонија се повеќе информирани за социјалните проблеми кои постојат во нашето општество и се повеќе ангажирани за да придонесат нашите крајни корисници да имаат подобар пристап до ресурси и услуги за домување, вработување, здравствена заштита и други јавни услуги. Иако поставивме смела визија, ние сме убедени дека е остварлива. Со нетрпение очекуваме и понатаму да работиме со нашите сегашни партнери, како и да градиме нови врски додека работиме за подобра иднина на сите граѓани, но и на идните генерации.

Активностите кои Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност – Скопје ги врши низ градот Скопје и низ територијата на нашата држава се стремат да се создадат нови можности, поинаков пристап и поинаков поглед кон бездомниците и кон останатите наши граѓани во социјален ризик. Нашата работа не е секогаш јасно видлива за јавноста, но сепак многу се прави за да се помогне за подобрување на животниот стандард на нашите крајни корисници. И во оваа 2023 година, кога славиме јубилеј од десет години постоење од основањето како неформална група на граѓани, нашата организација продолжува да се развива за да ги задоволи потребите на граѓаните за хуманитарна помош, вдомување, вработување, социјални, правни, медицински и други сродни услуги преку иновативни пристапи, силни партнерства и континуирано образование во нашата заедница, а покрај досегашните активности кои ги спроведувавме во претходните години, пилотираме две нови услуги и тоа психолошка поддршка и санација на домовите на крајните корисници.

Во овој извештај ќе прочитате за напредокот кој го направивме, за нашите планови и идни активности преку кои ќе продолжиме да работиме за да придонесеме кон социјална правда во Северна Македонија. Убедени сме дека можеме да ја унапредиме положбата на ранливите граѓани со континуирано адресирање на потребите на секое семејство и секој поединец преку внимателна дискусија, собирање податоци и практични решенија. Ние, извршниот тим на Љубезност сме посветени на нашата визија за иднината на нашата држава како општество каде бездомништвото и сиромаштијата се надминати со заеднички напор на сите чинители – властите, граѓаните, граѓанските организации, претпријатијата и медиумите.

Наша визија е општество без сиромаштија каде што постојат прифатеност, инклузија и еднакви можности за бездомни и социјално загрозени лица. Мисијата на нашата организација е континуирано образование, помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените лица во процесот на нивна ресоцијализација и реинтеграција.

Нашето здружение делува на целата територија на Република Северна Македонија, со фокус на градот Скопје. Крајни корисници на Љубезност се бездомниците и другите граѓани во социјален ризик на територијата на Република Северна Македонија.

Стратешки цели на нашата организација се:

1. Намалување на сиромаштијата. Оваа стратешка цел ќе ја оствариме со тоа што ќе вршиме директни посети во престојувалиштата на бездомниците и во домовите на социјално загрозените семејства и поединци, ќе ги идентификуваме нивните проблеми и потреби, ќе ја информираме јавноста и ќе поттикнуваме граѓански активизам за да прибираме донации за овие граѓани.



**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

2. Намалување на невработеноста. Оваа стратешка цел ќе ја оствaруваме преку идентификување на работоспособните бездомници и социјално загрозени лица кои сакаат да се вработат и нивна поддршка за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд. Дополнително, нашето здружение во своите програмски активности директно работно ќе ангажира некои од бездомните и социјално загрозените лица.
3. Намалување на бездомништвото. Проблемот со бездомништвото ќе го решаваме со програми за вдомување, обезбедувајќи економични станбени простори со ниски закупнини и поволни услови за живеење за бездомни семејства и поединци. Ние ќе вршиме и реновирање на домовите на сиромашните семејства кои живеат во супстандардни услови за да го зголемиме квалитетот на нивното домување.
4. Унапредување на состојбата на бездомните и социјално загрозените лица. За остварување на оваа цел Љубезност ќе работи на упатување, советување и поврзување на бездомните и социјално загрозените лица и ќе им обезбедува социјални услуги, медицинска помош и психолошка поддршка.
5. Организациски развој на Љубезност. Со остварување на оваа цел ќе се овозможи зголемување на бројот на корисници кои ќе ги опслужуваме, зголемување на обемот на услугите и на хуманитарната помош која ќе им ја даваме, но и диверзификација на нашата работа, односно ќе бидеме во можност да вршиме нови сродни услуги кои во моментов не им ги нудиме на нашите корисници. Растот и развојот на нашата организација ќе придонесат кон остварување на нашата визија и мисија и на другите стратешки цели на Љубезност.

И во текот на 2023 година Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност продолжи да се води од својата визија и својата мисија, така што сите спроведени активности беа усогласени со нив и беа насочени кон остварување на неговите стратешки цели.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Во 2023 нашето здружение го продолжи својот организациски раст и развој, со кои покрај тоа што се зголеми обемот на активностите кои беа спроведувани во претходната 2022 година, нашето работење и понатаму се карактеризираше со концентрична диверзификација на активностите, односно се збогати со нови активности поврзани со оние од претходната година, а кои придонесуваат кон визијата и мисијата на нашата организација.



Во оваа година Љубезност ги задржа петте професионалци кои се во редовен работен однос и со полно работно време, ангажираше уште еден професионалец психолог, се збогати со неколку нови повремено ангажирани вработени и волонтери од кои дел се зајакнати лица во социјален ризик кои покажаа способност и волја да работат за нас, а успеавме да добиеме и пет нови грантови од институционални донатори и со тоа да отпочнеме со реализација на исто толку донаторски проекти. Во

2023 година продолжи да се зголемува и интензитетот на нашето вмрежување со други сродни здруженија, соработката со институциите и знаењето на нашите членови и вработени преку постојано обучување и стручно усовршување во разни области.

Согласно статутот, со Љубезност раководат претседателот на здружението Тони Станковски и Управниот одбор, во кој покрај претседателот членуваат уште шест члена во состав: Тони Станковски, Михајло Гурев, Македонка Аризанова, Игор Богатиноски, Дехран Хајдар, Маја Велкова и Славица Спасова. Под раководство на претседателот на здружението имаме програмски кадар и извршен тим кој е во променлив состав кој одговара на моменталните потреби и можности на нашата организација. За надзор на работата на сите овие органи на нашето здружение е задолжен Надзорен одбор од пет членови во состав: Ратко Ристески, Драгољуб Софрониев, Тони Гоцев, Билјана Ампевска Христовска и Јасмина Крстевска.



**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## КОМУНИКАЦИЈА И ВИДЛИВОСТ

Нашето здружение уште од своето основање во 2015 година е свесно за значењето на односите со јавноста, па затоа им даваме голема важност и вложуваме напори во комуникациските активности преку кои ги запознаваме граѓаните, разните општествени чинители и останатите заинтересирани страни со работењето на Љубезност и на таков начин градиме јавен имиџ и позитивен публицитет на нашата организација, што во крајна линија носи зголемена поддршка од истите чинители и граѓани за нашето здружение.



**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Во комуникацијата со нашата целна публика ги користевме следните канали на комуникација:

1. Социјални медиуми (Фејсбук, Твитер, Инстаграм, Јутјуб и ЛинкедИн)
2. Електронски медиуми (телевизија, радио и веб портали)
3. Печатени медиуми (весници и списанија)
4. Веб страна на нашата организација
5. Јавни настани (конференции, јавни трибини, панел дискусии и работилници)
6. Директни состаноци лице в лице, телефонски разговори и онлајн состаноци
7. Електронска пошта и други онлајн канали на комуникација.

Во 2023 година социјалните медиуми најчесто ги користевме за видливост на тековните активности на здружението, но и за пренесување апели за помош на социјално загрозените лица до јавноста и до граѓаните, претпријатијата и институциите кои можат да им помогнат. Од социјалните медиуми најчесто го користиме Фејсбук, кој има и најголема публика во нашата држава, потоа Твитер, а останатите поретко се користат.




Ние и претходно имавме одлична соработка со некои електронски и печатени медиуми кои редовно известуваат за нашите активности и за предизвиците со кои се соочуваат бездомниците и социјално загрозените лица, но забележуваме дека во 2023 година бројот на објавите на медиуми за Љубезност се зголеми во однос на претходните години. Во 2023 година вкупно единаесет пати бевме гости во контактни и утрински емисии на телевизии и радија (Канал 5, Сител, Македонска телевизија и Македонско радио), а два пати имаше стории за работата на Љубезност во електронски и печатени медиуми (Вечер и Телма). Теми на овие гостувања и стории беа: платформата Box2help, проектот „Грижи се“, Законот за донирање на вишок храна, „Рециклирај и донирај“, собирните пунктови на Тегла плус, новогодишните пакетчиња за деца од сиромашни семејства, плаќањето сметки во име на сиромашните и светските денови за борба против гладот и сиромаштијата. Очекуваме оваа успешна соработка со медиумите да продолжи и во иднина, да се одржува и да се продлабочува за да се подобри јавниот имиџ на нашата организација и да се зголеми видливоста на нашите активности.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Љубезност има веб домен www.ljubeznost.mk. Во претходната 2022 година конечно изработивме функционална веб страна со современ веб дизајн. Дел од информациите за нашата организација, за нашите проекти и вон-проектни активности, за нашите крајни корисници, вработени, соработници, донатори и партнерски организации во текот на 2023 година беа поставени на нашата веб страна, а останатите ќе бидат дополнително внесени во следните години.

Во 2023 година претставниците на Љубезност учествуваа на педесетина јавни настани кои се релевантни за областа на нашето работење, на кои освен што ги промовиравме нашето здружение, нашите проекти и нашите активности, воспоставивме контакти со потенцијални партнери, го зголемивме знаењето на нашата организација и се договаравме за идни активности и проекти со други организации.




Преостанатите комуникациски канали ги користевме за деловна комуникација и кореспонденција со соработниците, донаторите, крајните корисници и институциите на централната и локалната власт.

Комуникациски цели на Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност - Скопје за наредниот период се:

1. Да се гради позитивен јавен имиџ на нашата организација
2. Да се зголеми видливоста на нашата организација, односно да се запознае јавноста со нашите активности на терен
3. Да се запознае јавноста со проблемите и предизвиците со кои се соочуваат нашите крајни корисници
4. Да се поттикнат разните чинители (централна и локална власт, претпријатија, медиуми, меѓународни организации, граѓани, здруженија на граѓани) да преземат акција за да им помогнат на нашите крајни корисници и
5. Да се намалат предрасудите и стигмата кои постојат кон бездомниците и сиромашните.



ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## САМОСТОЈНИ ДОНАТОРСКИ АКТИВНОСТИ

1. **Топли оброци за бездомниците.** Со седмичните топли оброци за бездомниците започна приказната на Љубезност во 2013 година; ова е активноста која прва почнавме да ја спроведуваме уште кога постоевме како неформална група на граѓани. И во 2023 година, веќе десетта година по ред, секоја сабота со почеток од 12 часот делевме топли оброци и конзервирана храна на бездомниците во Скопје. Храната се дели прво пред Спомен домот на Мајка Тереза во центарот на Скопје, а потоа и на уште неколку други локации каде престојуваат бездомници - кај паркингот на булевар Кочо Рацин, на кејот на Вардар кај Дрво декор и во социјалните згради во Бутел 2.

   Неколку дена пред делењето на оброците, собираме состојки за нив и конзервирана храна од граѓани и од претпријатија, а дел купуваме и сами од претходно добиени парични донации. Потоа, во петок во соработка со Ретвитни оброк се готви храна, Љубезност набавува леб или добива донации од пекари и се комплетираат готови оброци кои се делат наредниот ден. Дополнителни оброци добиваме од поединечни граѓани, од претпријатија и од вишок храна од организирани настани кои се одржуваат во ресторани и хотели. Во сабота готовите оброци со возило се транспортираат до горенаведените локации каде им се делат на бездомниците.



ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Од оваа 2023 година, преку платформата Box2help на граѓанската организација Направи повеќе се набавува конзервирана храна од која дел се употребува за седмичните топли оброци.
Во активностите околу седмичните топли оброци за бездомници се вклучени разни категории на граѓани од различна социјална (бездомници, работници, пензионери, ученици, бизнисмени, граѓански активисти) и етничка припадност, дел од нив преку донирање храна, а друг дел со волонтирање при собирањето, превозот и распределбата на оброците на крајните корисници. Како донатори на храна за седмичните топли оброци за бездомниците се јавуваат и претпријатија (Жито Лукс, Витаминка, Тинекс, Кадино, Food Hood, KFC и други), образовни институции и граѓански организации.
Покрај редовното делење на оброци во саботите, кога имаме можност за тоа, повремено и во помал обем делиме оброци на бездомниците и во другите денови од неделата.
Во текот на 2023 година на бездомниците им поделивме вкупно 16 111 топли оброци и оброци составени од конзервирана храна. Од нив, во 52 саботи на бездомниците им беа поделени вкупно 13 611 оброци или во просек по 261,75 оброци седмично. Преостанатите околу 2 500 оброци беа поделени во други денови од седмицата.



2. **Донирање хуманитарна помош на социјално загрозени семејства при посети во нивните домови.** Во текот на 2023 година, речиси секој работен ден во неделата, ги посетуваме домовите на нашите крајни корисници - социјално загрозените семејства и поединци. За таа цел имаме развиено база на податоци на наши крајни корисници кои ги рангираме според приоритет. Оваа база постојано ја ажурираме и ја дополнуваме со нови потенцијални крајни корисници и од неа ги одбираме семејствата кои ќе ги посетиме и претходно ги најавуваме посетите. Некои од семејствата и поединците во ризик од бездомништво и други социјални ризици самите ни се јавуваат или ги посетуваат нашите канцеларии барајќи помош. Дополнително, преку социјални медиуми и директни контакти се запознаваме со потребите и со адресите или локациите на нови крајни корисници на кои им е потребна нашата помош. При посетите најпрво ги детектираме потребите на секое индивидуално семејство посебно и потоа од нашиот магацин земаме пакет со донации кои се најсоодветни за задоволување на овие потреби. При посетите на семејствата им се даваат материјални донации во храна, средства за хигиена, лекови, облека, обувки, постелнина, мебел, апарати за домаќинство, компјутери и мобилни телефони. Во зависност од претходно евидентираните потреби на семејствата и поединците, имаме мобилен тим кој врши посети со претходно правење на маршрута на посети со цел оптимизација на рутите и намалување на трошоците за превоз.



Во нашите тимови за посети ангажиравме професионален социјален работник кој изготвува социјални карти на корисниците кои ги посетува, има системски и континуиран пристап кон проблемите кои ги имаат корисниците, им дава психосоцијална поддршка и ги застапува пред државните институции во остварувањето на нивните права од областа на социјалната заштита и пошироко. Покрај социјалниот работник, во посетите на семејствата учествуваат и правник, психолог и медицинска сестра кои се ангажирани од Љубезност.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Во текот на 2023 година на социјално загрозените семејства осум пати им се направени и ажурирани социјални карти. На семејства кои живеат во сиромаштија им се дадени донации 748 пати, а 173 пати им е донирано на луѓе кои живеат сами. Напоменуваме дека на некои домаќинства им се дадени донации повеќе пати во текот на годината.

Донирани се:

- 5 929 килограми разновидна храна,
- 331 килограм средства за хигиена,
- лекови во вредност од 152 752 денари,
- 476,3 килограми облека,
- 190 пара обувки,
- 92 килограми постелнина,
- 1 компјутер и
- 3 апарати за домаќинство.



3. **Собирање материјални донации од домовите на граѓаните.** За да обезбеди донации за претходната активност, Љубезност во континуитет собира мебел, апарати за домаќинство, облека, обувки, постелнина, храна и средства за хигиена од семејствата кои сакаат да донираат. Овие граѓани нè контактираат по телефон или преку Фејсбук страната на нашето здружение нудејќи да донираат облека која не им е потребна, вишок храна која ја имаат и други добра. Најчесто мобилниот тим на Љубезност ги зема овие донации од домовите на овие семејства, но понекогаш и самите донатори ги оставаат донациите во нашите канцеларии или во нашиот магацин. Донациите потоа им се даваат на социјално загрозените семејства при нашите посети на нивните домови. Како логистика и за поврзување на подигањето и делењето донации имаме магацин каде се примаат, складираат, класифицираат и препакуваат материјалните донации за потоа да им се поделат на оние на кои им се потребни.

   Во 2023 година од 14 домаќинства кои ги посетивме ги добивме следните количини на донации:

   - 59,85 килограми храна,
   - 49 килограми облека,
   - 6 килограми постелнина,
   - 1 таблет

- 1 апарат за домаќинство и
- 4 душеци.

4. **Добиени донации од правни лица.** Надвор од трајните партнерства и соработката кои ги имаме (а кои се наведени подолу во овој документ), ние постојано добиваме ад хок материјални и парични донации од разни претпријатија, државни институции, граѓански организации и неформални иницијативи. Во 2023 година од 64 правни лица имаме добиено вкупно:
   - 5 991 килограм разновидна храна,
   - 263,2 килограми средства за хигиена и
   - 410 килограми играчки.



5. **Собирање парични средства преку донаторски кутии.** ЗГ Љубезност во осум маркети во потесното градско подрачје на Скопје има поставено исто толку донаторски кутии, и тоа четири во маркетите на Веро и уште четири во маркетите на Тинекс. Во овие донаторски кутии граѓаните оставаат мали парични донации за нашата организација. Во текот на 2023 година во повеќе наврати беа собирани паричните средства оставени во осумте донаторски кутии при што беа собрани вкупно 80 761 денар. Овие средства се користат за набавка на хуманитарна помош во храна, средства за хигиена и лекови наменети за крајните корисници, за алуминиумски чинии во кои им се донира храната, потоа за административни такси за добивање лични документи, за плаќање партиципација за специјалистички лекарски услуги, за гориво за превоз и за други оперативни трошоци на работењето на Љубезност.

## ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП ВО ВРШЕЊЕ УСЛУГИ

6. **Социјални услуги.** Ние имаме мобилен тим кој ги посетува домовите на социјално загрозените семејства и бездомниците во групните центри, на улица и на другите места каде тие престојуваат. Овој тим е составен од социјален работник, правник, психолог и медицинска сестра. Социјалниот работник е член на тимот кој прв воспоставува комуникација со членовите на семејството, разговара со нив и врз основа на добиените сознанија ги утврдува социјалните ризици со кои тие се соочуваат, проблемите и потребите на секој поединечен член на семејството, но и на семејството во целина кои ги внесува во детална социјална карта на семејството. Социјалниот работник не само што дава психосоцијална поддршка, туку и ги пренасочува корисниците до другите членови на мобилниот тим – правникот, медицинската сестра, психологот или до останатите кадри на Љубезност доколку има потреба од донација во храна, облека, средства за хигиена или пак поддршка за вдомување или вработување. Социјалниот работник ги упатува и поврзува корисниците со јавни установи каде тие можат да ги остварат своите права од разни области или со други здруженија на граѓани каде можат да добијат услуги кои Љубезност не може да им ги пружи.

   Друг многу битен дел од работата на социјалниот работник се социјалните услуги – тој директно им помага на семејствата во остварување на правата на социјални трансфери и останати права на социјална заштита, ги придружува корисниците до центрите за социјална работа за да им помага и да ги застапува во постапките за остварување на овие права, ги информира за нивните права од областа на социјалната заштита, помага при обезбедување здравствено осигурување, посредува при добивање документи, посредува при вработување, помага при обезбедување помош на жртви на семејно насилство и одржува постојан контакт со семејствата за да го следи нивниот напредок и да ги детектира нивните идни потреби од хуманитарна помош и разни услуги. Во 2023 година на 261 краен корисник му се извршени вкупно 1 096 социјални услуги. Притоа на социјално загрозените семејства осум пати им се направени и ажурирани социјални карти.

7. **Правна помош.** Нашата организација од 2021 година има ангажирано професионален правник. Правната помош која ние им ја нудиме на нашите крајни корисници опфаќа посредување за вадење лични документи - изводи од матична книга на родени и венчани, лични карти, државјанства и регистрација на нерегистрирани лица (познати како фантоми). Во голем дел од случаите, нашите корисници не се во можност да ги покријат административните трошоци за овие постапки и документи, а тоа многу често се јавува како пречка за истите да ги стекнат горенаведените лични документи. Затоа ние им ги плаќаме овие трошоци на нашите крајни корисници со што им помагаме полесно да дојдат до потребните документи. Корисниците многу често се неуки и неинформирани за процесите или постапките за стекнување со лична документација и права од областа на социјалната заштита. Преку механизмот на придружба од страна на стручно лице – правник ние им го олеснуваме пристапот до истите.



Дополнително, нашиот правник ги советува крајните корисници за разновидни граѓански постапки и ги пренасочува и поврзува со конкретните институции. Кога има потреба за тоа, корисниците се пренасочени до организации кои нудат бесплатна правна помош или пак до секундарна правна помош во рамките на Министерството за правда. Тој се грижи и за заштита на нивните човекови права и ги штити од дискриминација врз основ на нивниот социјален статус.
Во текот на 2023 година правна помош и помош во добивање документи им беше дадена 2 148 пати на 243 различни крајни корисници.

8. **Медицинска помош.** Во текот на годината оваа активност ја вршеше медицинската сестра вработена во Љубезност и се состоеше во донирање и администрирање на соодветна терапија со медикаменти врз основа на рецепт од матичен лекар или извештај од специјалист, посредување при набавка и достава на лекови, насочување на корисниците до здравствени домови за подигање извештаи и потврди, придружба до здравствени институции, проверка на здравственото осигурување на корисниците, пренасочување за специјалистички и супспецијалистички прегледи, советодавни медицински разговори, мерење на витални параметри (крвен притисок, пулс, температура) и мерење на гликемија (шеќер во крвта). Најмалку еднаш неделно одржуваме колегиуми на кои врз основа на претходно направената социјална карта се разговара за пресретнување на детектираните потреби за давање на медицинска помош на секој поединец и семејство. На колегиумите се утврдуваат идните чекори кои треба да се преземат, како што се воспоставување и одржување на постојана или повремена телефонска комуникација со секој поединечен корисник кој има некоја хронична болест или моментален ризик кој може сериозно да го загрози неговото здравје или живот за да му дадеме совети и да ги следиме состојбата и напредокот кај секој од нив.



Некои од нашите крајни корисници немаат здравствено осигурување. Иако секој македонски државјанин има законски загарантирано право на здравствено осигурување, некои од нашите корисници не се информирани или не се способни да ја спроведат постапката во Фондот за здравствено осигурување за да си го остварат ова свое право. Затоа ние ја спроведуваме оваа постапка во нивно име. Откако ќе им обезбедиме здравствено осигурување, понекогаш вршиме посети по домовите на крајните корисници, а по потреба ги придружуваме и на прегледи кај доктори специјалисти во болници и здравствени домови. Понекогаш подигнуваме упати, резултати и друга здравствена документација наместо крајните корисници, која им ја предаваме на следната средба со нив. Во тековната година на 241 краен корисник му е дадена вкупно 1 501 медицинска услуга, а во јавниот систем за здравствено осигурување се вклучени 27 крајни корисници.

9. **Психолошки услуги.** Во март 2023 година вработивме дипломиран психолог, најпрво со скратено, а потоа со полно работно време. На овој начин отпочнавме со пилотирање на психолошката поддршка за нашите крајни корисници, со намера да ја претвориме во редовна активност на нашата организација од следната 2024 година. Задача на психологот е да им дава психолошка поддршка на крајните корисници заедно со другите членови на мобилниот тим, да ги детектира проблемите и предизвиците со кои тие се соочуваат, да формулира соодветен пристап за нивно решавање прилагоден на специфичната ситуација и по потреба, во одредени случаи да дава медикаментозна терапија на корисниците која претходно им е препишана од специјалисти или матични лекари.

   Психологот воспоставува контакти со корисниците од базата на податоци, преку посетите на постоечките крајни корисници и преку првичните средби со потенцијалните нови корисници. Прво прави психодијагностика на корисниците која може да оди во насока на проценка на актуелната состојба и утврдување или отфрлање на соодветна психијатриска дијагноза од категоријата Ф. Потоа се врши советодавен разговор, а доколку има потреба корисникот се пренасочува на понатамошни испитувања или лекување кај специјалист психијатар со посредство на матичниот лекар. Потоа психологот одржува постојана комуникација по телефон или лице в лице со крајните корисници за да се следи нивната состојба.

   Како дополнителна вредност, психологот по потреба им дава советодавна поддршка на останатите членови на тимот на Љубезност во справувањето со притисокот и со тежината од работните задачи. Нашата организација работи со целни групи со кои по правило е тешко да се работи, и тоа од повеќе аспекти.

   Во тековната година на 136 различни крајни корисници им биле извршени вкупно 623 психолошки услуги.



ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## ДРУГИ САМОСТОЈНИ АКТИВНОСТИ



**10. Програма за волонтери.** Бројот на волонтерите на Љубезност и во 2023 година продолжи да се зголемува. Во оваа година продолживме со вклучување на сите категории на граѓани кои се заинтересирани да соработуваат со нас и на било каков начин да се вклучат во активностите на нашето здружение и да придонесат кон нашите цели. Во работењето на Љубезност во 2023 година беа вклучени 49 волонтери кои беа ангажирани вкупно 860 работни денови во текот на годината. Сите волонтери беа ангажирани неформално, односно за разлика од претходните години, во оваа година немавме лица ангажирани со договори за волонтирање кои добиваат соодветни надоместоци на трошоците за нивниот волонтерски ангажман.

Нашата програма за волонтери, иако неформална, е сеопфатна и вклучува ангажирање на волонтери кои ги собираат донациите дадени од членови, граѓани и компании и нивно дистрибуирање до домовите на социјално загрозените семејства. Други волонтери се ангажирани во магацинот на нашето здружение а трети во готвење и дистрибуција на седмичните топли оброци. Некои волонтери се ангажираат само повремено за еднократни активности или активности кои што се повторуваат, додека други се наши волонтери со години наназад и на нивно барање редовно се вклучуваат во секојдневното работење на Љубезност. Дури и персоналот на нашето здружение кој е во редовен работен однос повремено е вклучен во волонтерски активности, а некои од нив ангажманот во Љубезност го започнаа како волонтери. Накратко, волонтерите се клучен елемент и клучен ресурс во работењето на Љубезност, вклучени

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

се во сите активности и области на работењето на здружението и без волонтери ние не би можеле да функционираме на начинот на кој што сега функционираме.

11. **Вдомување со поддршка.** За бездомници се сметаат оние кои немаат постојано место на живеење, вклучувајќи ги лицата кои живеат на улица, во шелтери или прифатни центри и лицата што живеат во несигурни и небезбедни живеалишта, вклучувајќи го и сместувањето кај пријатели или роднини. Од сите нив, најзагрозени се оние кои припаѓаат на првата категорија, односно оние кои живеат на отворено. Поради лошите услови на живеење, тие во просек живеат по дваесет години помалку од останатите граѓани.

Намалувањето на бездомништвото е стратешка цел на Љубезност. Проблемот со бездомништвото трајно може да се реши единствено со програми за вдомување, бидејќи оваа категорија на граѓани во никој случај не е во состојба самата да го реши сопственото станбено прашање. Дури откако тоа ќе им биде решено, тие ќе имаат можност да продолжат со процесот на ресоцијализација во општеството и да размислуваат за вработување. Нашата организација, во рамките на можностите и на капацитетите со кои располага, вдоми неколку бездомни семејства во станови под закуп, за кои закупнината ја плаќаме ние, а на вдомените бездомници им покриваме и дел од режиските трошоци за домување (електрична енергија, греење, вода, комунална хигиена).




За таа цел најдовме економични соби и станови со поволни услови за живеење за бездомните семејства и за бездомниците – самци. Им помогнавме во подготовката на договори за закуп склучени помеѓу корисниците и сопствениците на станбените објекти, со клаузула дека Љубезност може да ја плаќа закупнината доколку е во можност да го направи тоа. Нашите вработени редовно ги посетуваат вдомените бездомници и вршат мониторинг на нивното домување за тие да се стекнат со соодветни хигиенски, станбени и домаќински навики и да го променат начинот на живот на подобро. Доколку има потреба за тоа, на поранешните бездомници им даваат и материјални донации во храна, лекови, средства за хигиена и облека и им вршат правни и медицински услуги. Ние вдомувавме бездомници во текот на целата 2023 година, при што плативме 39 месечни закупнини во вкупен износ од 210 069 денари за

сместување на шест бездомни семејства со вкупно дванаесет лица. Обемот на вдомувањето и буџетот за плаќање закупнини за вдомување бездомници се значително намалени во споредба со претходната година поради завршувањето на проектот „Грижи се" во текот на 2023 година.

12. **Поддршка и посредување при вработување.** За нас е многу важно нашите крајни корисници економски да се активираат и да станат самоодржливи, а не трајно да се потпираат на поддршката од јавни установи и здруженија од областа на социјалната заштита. Од ова полза нема да имаат само тие, туку во крајна линија и целото општество. Единствен начин тие засекогаш да излезат од кругот на сиромаштијата е со трајно вработување кое ќе им обезбеди постојан извор на приходи за достоинствен живот. Многу од нив се неконкурентни на пазарот на труд, немаат стручни вештини кои можат да ги понудат ниту пак имаат работни навики и професионален однос за да го задржат евентуално добиеното работно место. Затоа е од суштинско значење да им дадеме секаква помош за тие да се вработат. Ние им помагаме да обезбедат вработување кое ќе им овозможи постојан извор на приходи за достоинствен живот. Им изработуваме работни биографии, по потреба и мотивациски писма и им даваме менторство за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд. Потоа ги пријавуваме на активни огласи за вработување или им закажуваме интервјуа за вработување кај потенцијалните работодавци, го следиме процесот на нивно вработување и доколку тој се заврши успешно, следиме со какви предизвици тие се соочуваат на работното место и дали ќе успеат долгорочно да ја задржат добиената работа.
Во текот на 2023 година им дадовме поддршка и посредување при вработување на десет крајни корисници, од кои четири се вработени со наша поддршка.

13. **Магацинско работење.** Добиените и набавените материјални донации се транспортираат до складот на нашето здружение каде што се распакуваат, селектираат и распоредуваат на соодветните места по видови донации за нивна полесна манипулација. Дополнителна складишна работа е потребна при распределбата и делењето на донациите на социјално загрозените семејства кога донациите се подигаат, се сложуваат и се пакуваат во пакети по што се подготвени за достава до корисниците на кои им се наменети. За вршење на магацинското работење имаме член на тимот кој е повремено ангажиран и на кој му помагаат неколку волонтери. Во 2023 година во магацинот на Љубезност се влезени околу 6 800 килограми материјални донации од правни лица и 160 килограми материјални донации од граѓани, кои речиси сите веќе им се донирани на бездомниците и на социјално загрозените граѓани.



**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## ПИЛОТИРАЊЕ НОВИ АКТИВНОСТИ

14. **Планирање лични финансии.** И во 2023 година нашата организација продолжи да им дава индивидуално менторство и практични совети на четири кориснички семејства за тоа како да го рационализираат трошењето и како полесно да преживеат со ограничен личен или семеен буџет. Ова менторство содржи управување со лични финансии, одредување на приоритети за трошење на средства, штедење, наоѓање дополнителни извори на приходи и краткорочно и долгорочно финансиско планирање.

15. **Санација и поправки во домовите на крајните корисници.** Од досегашното наше искуство во изминатите пет години, ја увидовме потребата од санација и поправки во домовите, затоа што нашите крајни корисници немаат можност да платат трошоци за одржување на нивните домови. Се среќаваме со домови каде семејствата живеат во супстандардни услови за живот, иако е потребна само мала интервенција – влага во ѕидот поради протекување на доводна цевка, капење на чешма поради што се плаќаат високи сметки за вода, немање можност за менување на одводни цевки, немање можност да се купи сијалица или фасонка, оштетени штекери со ризик од несреќа со фатални последици итн.

    Затоа, од оваа година почнавме да вршиме реновирање и санација на оштетени и дотраени домови на семејства кои живеат во сиромаштија. Лицето задолжено за реноваторски активности најпрво врши детектирање на потребите на крајните корисници за ситни поправки, санација, реновирање или доградба во нивните домови. Потоа тој ги обезбедува потребните материјали и на крај, со помош на волонтери или други лица ги врши неопходните поправки во домовите на крајните корисници. Во оваа година се детектирани 79 семејства кои имаат потреба од санација на нивните домови, од кои на 26 семејства им е извршена санација на нивните домови.



**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## ПАРТНЕРСКИ АКТИВНОСТИ

### Со здруженија на граѓани и други организации

1. **Ways2Help.** Во соработка со здружението Ways2Help во 2020 година отпочнавме активност за плаќање на заостанати сметки за електрична енергија со приоритет на оние социјално загрозени семејства на кои им е прекината доставата на електрична енергија, а во 2021 почнавме со плаќање и на заостанати сметки за вода. Прво, преку различни канали на комуникација ги детектираме семејствата кои имаат неплатени сметки. Потоа ги посетуваме овие семејства, преку разговор ја проверуваме и потврдуваме нивната веродостојност и оние за кои што е потврдено дека имаат проблем со редовно плаќање на овие сметки ги поставуваме на заедничката онлајн платформа, а Ways2Help ги објавува и бара потенцијални индивидуални и корпоративни донатори кои преку линк вршат електронско плаќање на посочените сметки. Во текот на 2023 година на овој начин беа платени 935 заостанати сметки за електрична енергија во вкупен износ од 1 561 838 денари на 68 семејства кои живеат во сиромаштија. Истовремено се платени 146




заостанати сметки за вода во вкупен износ од 117 486 денари на 16 семејства. Ways2Help во текот на годината посредуваше и при донирање училишни ранци и училишен прибор за деца од социјално загрозени семејства.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




2. **Направи повеќе.** Ова здружение во 2022 година ја создаде онлајн платформата Box2help, со ист процес на поставување на реални стории од семејствата, при што секој кој пристапува на платформата може да купи ваучер со различна сума, која е соодветна на определен пакет со храна и средства за хигиена. Во неколку наврати во текот на месецот, веќе купените пакети со храна од страна на paket.mk се доставуваат до нашите крајни корисници. Во соработка со Направи повеќе, во текот на 2023 година обезбедивме донации во висина од 689 094 денари со кои беа набавени 4 624,6 килограми храна и 190,651 килограми средства за хигиена, од кои беа направени пакети кои им беа поделени на сиромашните граѓани.



ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

3. **Евангелска црква во Македонија.** Од оваа верска заедница и од нејзиното раководно лице во текот на 2023 година во неколку наврати добивме парични донации во вкупен износ од 76 000 денари. Овие средства беа искористени за плаќање закупнини за вдомување бездомници.

4. **Донирање училишен прибор и ранци.** Од 2022 година почнавме со оваа активност во соработка со Ways2help и со неколку претпријатија претежно од информатичкиот сектор, а во летото 2023 година ја повторивме истата. Во јули контактиравме потенцијални донатори, а од нив Опен ГИ, Nextsense, Валтеч, Бимилк и T-Home позитивно одговорија и во август ни донираа 290 училишни ранци и исто толку сета на училишен прибор кои претходно ги имаа набавено за оваа активност. Потоа, Љубезност во септември сите 290 училишни ранци и прибори им ги донираше на деца од социјално загрозени семејства.



5. **Тегла плус.** Во периодот од 4 до 6 декември 2023 година беа поставени собирни пунктови во маркетите на Веро каде граѓаните ни донираа ајвар, слатко и зимница. Оваа иницијатива ја спроведовме со нашите партнерски здруженија SIEC Macedonia, Асоцијација Мисла, АРНО и Солем. На собирните пунктови беа собрани вкупно 217,53 килограми храна кои им беа поделени на социјално загрозени и на други ранливи групи на граѓани.
6. **Национален младински совет на Македонија.** На 25 декември 2023 година со НМСМ склучивме договор за соработка чија цел беше ангажирање на практикант во Љубезност во наредните неколку месеци. Практикантот беше дел од програмата за практикантство која НМСМ ја спроведува неколку години station наназад.



**Со претпријатија**

7. **Донирање новогодишни пакетчиња на деца од бездомни и социјално загрозени семејства.** Во јануари 2023 година 108 новогодишни пакетчиња кои беа собрани во претходната година им беа поделени на деца од социјално загрозени семејства. Кон крајот на 2023 година повторно започнавме со нов циклус на собирање и делење новогодишни пакетчиња, за што беа отворени телефонски линии за донирање пари за пакетчиња за децата од сиромашни семејства. Оваа активност ја реализиравме во соработка со Твитер заедницата dedomraz.mk, Грабит и Витаминка, иницијативата Ways2help, други претпријатија, институции и индивидуални донатори. Од парите собрани преку телефонските линии купивме 350 новогодишни пакетчиња, од претпријатија ни беа донирани 414 пакетчиња, а од граѓани 33 пакетчиња, или беа собрани вкупно 797 новогодишни пакетчиња. Од нив, до крајот на декември 2023 година поделивме 453 пакетчиња на деца од сиромашни семејства. Дел од собраните пакетчиња ги поделија волонтерите на Љубезност, а преостанатите брзата пошта „Еко логистик" бесплатно ги достави до домовите на децата од сиромашни семејства. Преостанатите новогодишни пакетчиња ќе им бидат донирани на децата од сиромашни семејства по Новогодишните празници.




8. **Соработка со компанијата ЦМИкс.** Во текот на целата 2023 година ова претпријатие ни даваше редовни месечни парични донации во висина од 12 000 денари или вкупно 144 000 денари. Овие донации се користат за покривање на тековните трошоци поврзани со седмичните топли оброци за бездомниците. Покриени се трошоците за набавка на храна, на алуминиумски чинии и на друг прибор за јадење, како и трошоците за превоз и достава на оброците.



9. **„Рециклирај и донирај"** – Во соработка со компанијата Сунилeнс ги поттикнуваме граѓаните да собираат отпадно масло за јадење од домаќинствата, а во замена добиваме и донираме свежо сончогледово масло на сиромашните.
   Во текот на 2023 година се собрани 6 263,5 литри отпадно масло за јадење за кои се добиени 1 010 литри свежо сончогледово масло за јадење, од кои 520,5 литри се донирани на сиромашните, а преку 2 000 граѓани се вклучиле во процесот на собирање отпадно масло за јадење.



10. **Соработка со Сунилeнс.** Покрај маслото кое го добивавме преку „Рециклирај и донирај", Сунилeнс ни доставуваше редовни донации од по 32 литри масло за јадење во секој месец од годината или вкупно 384 литри во текот на целата 2023 година.



11. **„Добрите дела создаваат херои" на Даибау Македонија.** Daibau е интернационална онлајн платформа со седиште во Австрија која ги собира сите изведувачи и даватели на градежни услуги од целата држава на едно место. Таа има свои подружници во неколку европски држави, а во Македонија, Daibau е присутен од 2022 година и моментално нуди повеќе од 1 500 проверени изведувачи, кои се достапни во 12 категории и повеќе од 240 поткатегории. Преку платформата, корисниците можат да најдат и споредат изведувачи, материјали, производи и услуги на едно место, како и да изберат најдобри понуди.

    Во декември 2023 година Даибау Македонија и Љубезност отпочнаа соработка преку која активностите на Љубезност се поставени на платформата daibau.mk. На соодветната страна за добротворство, претпријатијата и поединците можат да пристапат до Љубезност и други хуманитарни организации за да се консултираат како можат да им помогнат на нивните корисници или директно да им донираат на овие организации. Очекуваме продлабочување на соработката преку „Добрите дела создаваат херои" во 2024 година.

12. **Во 2023 година имаме добиено донации и од следните претпријатија:** Diners Club International, Пастел, Опен Ги Груп, Валтеч, Дигитал Симфони, Бимилк, In Player, Атлантик, Бреон, Зегин, Здружение на новинари на Македонија, Жито Лукс, Ресторан Ив, Nextsense, Axapta Masters и други.

**Со институции на централна и локална власт**

13. **Проект за изградба на повеќенаменски центар во Скопје.** Во 2018 година беше изработен и поднесен предлог проект за изградба на повеќенаменски центар за социјална и професионална реинтеграција до Амбасадата на САД во Скопје. Со проектот се предвидуваше изградба на објект на две нивоа од по 500 квадратни метри во вредност од 400 000 евра. Центарот ќе биде во сопственост на Град Скопје а со него ќе управува Љубезност. Поради политички причини, проектот не се реализираше. Сепак, ние не се откажуваме од него, во 2022 година изработивме детален проект за повеќенаменскиот центар за бездомници и во наредните години ќе бараме донатори за негова реализација.

14. **Јавно претпријатие Градски паркинг Скопје.** На 10.11.2023 година ова јавно претпријатие ни донираше триесет илјади денари. Овие средства се наменети за покривање на трошоците за оперативното работење на Љубезност, а најголемиот дел од овие пари ќе бидат искористени во 2024 година.

15. **Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.** Со оваа јавна установа чија дејност е клучна за работењето на Љубезност во два наврати склучивме меморандуми за соработка, и тоа на 26 јануари и 17 јули 2023 година. Во овие документи се содржани областите за заедничко дејствување на двете потписнички страни, од кои поважни се:

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

- Соработка, информирање и комуникација за решавање на проблемите на заедничките корисници
- Поддршка на проектот „Грижи се"
- Размена на искуства и добри практики преку разгледување предмети на заедничките корисници
- Соработка при вршење социјални услуги, правна, психолошка и медицинска помош во домовите на граѓаните во социјален ризик
- Директна интервенција за помош на жртви на семејно насилство
- Соработка при вработување на невработени лица во социјален ризик и
- Изнаоѓање системски и одржливи решенија за вдомување бездомници.



16. **Јавна установа Центар за социјални работи Тетово.** Во рамките на проектот „Грижи се" заедно со проектните партнери на 8 февруари 2023 склучивме меморандум за соработка со ЦСР Тетово. Предмет на меморандумот е зајакнување на соработката помеѓу сите договорни страни преку следните активности:

- Соработка, информирање и комуникација за решавање на проблемите на заедничките корисници
- Поддршка на проектот „Грижи се"
- Размена на искуства и добри практики
- Соработка при вршење социјални услуги, правна и медицинска помош
- Заеднички посети на домовите на ново детектираните семејства и поединци во социјален ризик.
- Соработка при вработување невработени лица кои се наоѓаат во социјален ризик
- Изнаоѓање системски и одржливи решенија за вдомување бездомници со поддршка и
- Консултации и учество на договорните страни за застапување на граѓаните во социјален ризик и при донесување социјални политики.

**Со образовни институции**

17. **Приватно средно училиште Саба.** Во два наврати, на 04.04 и на 28.12.2023 година ова средно училиште ни донираше вкупно 97,3 килограми храна и 17,95 килограми средства за хигиена кои потоа им ги поделивме на нашите крајни корисници.

18. **СУГС Никола Карев.** На 14 декември 2023 година со оваа скопска гимназија склучивме меморандум за соработка чија цел е да се мотивираат и анимираат младите и да се поттикнат позитивни општествени промени.

19. **Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.** ЗГ Љубезност и Универзитетот за туризам и менаџмент на 5 јуни 2023 година склучија меморандум за соработка со кој се дефинираат заедничките принципи и заедничките активности за помош, поддршка и едукација на социјално загрозените граѓани како предмет на овој меморандум за соработка.

## ДОНАТОРСКИ ПРОЕКТИ

1. **„ИНТЕГРИРАНА ПСИХОСОЦИЈАЛНА И ПРАВНА ПОДДРШКА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ВДОМУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИЦИТЕ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ ВО 2023 ГОДИНА".** Овој проект го реализиравме во периодот од 3 јули до 14 декември 2023 година со финансиска поддршка од Градот Скопје. Вкупниот реализиран буџет на проектот изнесуваше еден милион денари.

   Со овој проект ние им пруживме разновидни услуги и им дадовме разни материјални донации на припадниците на целната група, а тоа се бездомниците и социјално загрозените семејства и поединци на територијата на градот Скопје. На овој начин ние ја подобривме материјалната состојба на целната група, им овозможивме пристап до услугите кои во спротивно не би можеле да ги добијат, им помогнавме во остварувањето на нивните права, вклучувајќи ги и правата на социјални трансфери, ги вдомивме, придонесовме кон подобрување на нивното физичко и ментално здравје, ја зголемивме нивната самодоверба и им помогнавме да се вработат.

   Сметаме дека со спроведените активности - интегративен пристап на давање психосоцијална и правна поддршка, здравствена заштита и вдомување, како и со постигнатите резултати, извршивме ресоцијализација и реинтеграција на бездомниците и на социјално загрозените граѓани кои се наши крајни корисници. Со тоа придонесовме кон подобрување на квалитетот на живот и социјална инклузија на бездомниците и на социјално загрозените граѓани.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Во рамките на проектот беа спроведени следните активности:

1. Вдомување со поддршка и планирање семеен буџет
2. Психосоцијална поддршка
3. Правна помош и помош во добивање документи
4. Медицинска помош и донирање лекови
5. Поддршка и посредување за вработување и
6. Донирање хуманитарна помош на семејства во социјален ризик.

Поважни постигнати резултати:

- Вдомени се три бездомни лица преку овој проект
- Платени се тринаесет месечни закупнини за сместување бездомници
- Вкупно 148 крајни корисници добиле социјални услуги и социјална поддршка
- Сто дваесет и еден краен корисник добил помош и поддршка при добивање социјални трансфери
- Вкупно 184 крајни корисници добиле психолошка помош
- Вкупно 235 крајни корисници добиле правна помош
- Сто триесет и шест крајни корисници добиле лични документи со наша помош
- Вкупно 401 краен корисник добил медицинска помош
- На крајните корисници им се дадени лекови и медицински материјали во вкупна вредност од 144 598 денари
- На крајните корисници им е обезбедена придружба до здравствени установи 79 пати
- Единаесет крајни корисници добиле здравствено осигурување со наша поддршка
- Хуманитарна помош им е донирана на 475 социјално загрозени семејства и поединци
- Донирани се 1 599,1 килограми храна
- Донирани се 90 килограми средства за хигиена
- Донирани се 427 училишни ранци и 487 училишни прибори
- Платени се 541 сметка за електрична енергија со вкупен износ од 670 207 денари на 67 социјално загрозени домаќинства
- Платени се 79 сметки за вода со вкупен износ од 65 355 денари на 16 социјално загрозени домаќинства



2. **„ИНТЕГРИРАНА ПСИХОСОЦИЈАЛНА И ПРАВНА ПОДДРШКА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ВДОМУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИЦИТЕ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА".** Овој проект го реализиравме во периодот од јуни до ноември 2023 година со финансиска поддршка од Општина Гази Баба во износ од 60 000 денари. Со него настојувавме директно или индиректно да постигнеме ресоцијализација и реинтеграција во општеството на семејствата и поединците кои се во социјален ризик преку вршење разни професионални услуги за корисниците, нивно вработување, вдомување, стекнување со животни вештини и управување со лични и семејни финансии. Иако во нашето работење применуваме директен пристап на работа на терен со бездомниците и со социјално загрозените лица, обидувајќи се да им помогнеме да ги задоволат своите најосновни потреби, и да градиме систем за континуирано обезбедување хуманитарна помош од претпријатијата и од граѓаните за бездомниците и социјално загрозените семејства и поединци, ние сакаме тие на долг рок да станат економски независни, а не постојано да се потпираат на помошта и поддршката од државни институции, здруженија и неформални групи кои работат на полето на социјалната заштита.

Во рамките на проектот беа спроведени следните активности:

1. Вдомување со поддршка и планирање семеен буџет
2. Психосоцијална поддршка
3. Правна помош и помош во добивање документи
4. Медицинска помош и донирање лекови
5. Поддршка и посредување за вработување и
6. Донирање хуманитарна помош на семејства во социјален ризик.

Позначајни постигнати резултати:

- Собрани се средства за закупнини во висина од 63 000 денари
- Платени се осум месечни закупнини за сместување бездомници
- Извршени се поправки во десет домови на крајни корисници
- Вкупно 167 крајни корисници добиле социјални услуги и социјална поддршка
- Вкупно 76 крајни корисници добиле помош и поддршка при добивање социјални трансфери
- Вкупно 289 крајни корисници добиле психолошка помош
- Вкупно 165 крајни корисници добиле правна помош
- Вкупно 99 крајни корисници добиле помош за добивање лични документи
- Вкупно 245 крајни корисници добиле медицинска помош
- На крајните корисници им се дадени лекови во вредност од 35 504 денари
- На крајните корисници им е обезбедена придружба до здравствени установи 57 пати
- Посредувано е при вработување на единаесет крајни корисници
- Контактирани се 22 потенцијални работодавци
- Изработени се четири работни биографии
- Вработени се пет социјално загрозени лица
- Материјални донации им се дадени на 247 социјално загрозени семејства и поединци

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

- Донирани се 714,5 килограми храна
- Донирани се 83,5 килограми средства за хигиена
- Донирани се 233 училишни ранци и училишен прибор
- Платени се 292 сметки за електрична енергија на 46 социјално загрозени домаќинства
- Платени се 32 сметки за вода на 12 социјално загрозени семејства



3. **„АКЦИЈА ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА БЕЗДОМНИТЕ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ ГРАЃАНИ ВО УСЛОВИ НА СВЕТСКА ЕКОНОМСКА КРИЗА“** беше проект финансиран од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците. Љубезност самостојно го спроведе овој проект во периодот од јануари до јуни 2023 година, а реализираниот буџет на проектот изнесуваше 452 809 денари.
Цел на проектот беше да им дадеме интегрирана помош и поддршка на бездомниците и граѓаните кои се во ризик од сиромаштија во справувањето со растечката инфлација и економската криза.
Целна група и крајни корисници кон кои беше насочена интервенцијата беа бездомниците и социјално загрозените семејства и поединци на територијата на Република Северна Македонија.

Во негови рамки беа спроведени следните проектни активности:

1. Вдомување со поддршка
2. Услуги за корисниците
3. Обезбедување хуманитарна помош и
4. Комуникациски активности

Поважни постигнати резултати:

- Единаесет бездомници се сместени во објекти под закуп
- Платени се 25 месечни закупнини во вкупен износ од 136 849 денари

- Платени се вкупно 57 258 денари за сметки за електрична енергија и вода на вдомените бездомници
- Четири бездомници и социјално загрозени лица добија менторство за управување со лични и семејни финансии
- Вкупно 116 корисници добија социјални услуги
- Вкупно 73 корисници добија психолошка поддршка
- Вкупно 133 корисници добија правна помош
- Девет корисници добија поддршка при вработување
- Вкупно 123 корисници добија медицинска помош
- Добиени се парични донации во вкупен износ од 320 000 денари од други донатори кои се наменети за храна, средства за хигиена и лекови
- Добиени се 3 111,702 килограми храна како донации од правни и физички лица
- Добиени се 519,64 килограми средства за хигиена како донации од правни и физички лица
- На бездомници и на социјално загрозени семејства им се донирани 3 260,528 килограми храна
- Донирани се 543,94 килограми средства за хигиена на бездомници и на социјално загрозени семејства
- Донирани се лекови во вредност од 60 917 денари на бездомници и на социјално загрозени семејства
- На 412 социјално загрозени лица им е донирана хуманитарна помош во храна, средства за хигиена и лекови
- На Фејсбук страната на нашето здружение се објавени 50 статии поврзани со овој проект
- Наши претставници имаа седум настапи на масовни медиуми, и тоа на: Канал 5, Сител, Телма, МТВ и Вечер



4. **„TAKE CARE – INTEGRATED SOCIAL AND HEALTH CARE FOR VULNERABLE POPULATION IN THE WESTERN BALKANS“.** „Грижи се“ беше двегодишен проект кој Љубезност го спроведе во периодот од јули 2021 до јуни 2023 година под водство на Каритас Австрија, а во партнерство со Фондацијата Македонски Каритас и Асоцијацијата за демократски развој на Ромите „Сонце“. Вкупниот буџет на „Грижи се“ изнесуваше 631 000 евра кои беа добиени како грант од Австриското министерство за социјална работа, здравствена заштита, грижа и заштита на потрошувачите, а проектот претставуваше дел од нивната поширока програма која беше спроведена во неколку балкански земји.

   Регионалната програма „Грижи се“ беше фокусирана на обезбедување домашна нега, социјална помош и директна поддршка за социјално загрозените и економски ранливите лица во Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија. Програмата стави акцент на ранливите стари лица во Албанија, Босна и Херцеговина и Србија преку обезбедување на социјална поддршка и воспоставување и лиценцирање на професионални услуги за домашна нега. Во Северна Македонија беа адресирани ранливите членови на заедницата во компонента на пилот проект што опфаќаше мобилни тимови кои даваа медицинска помош, правна помош и социјални услуги и обезбедуваше образовна поддршка за деца. „Грижи се“ опфати и регионална размена на знаење, споделување искуства и регионални активности за застапување.



Општа цел на проектот беше да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на ранливите групи на население кои се изложени на зголемен ризик од сиромаштија и социјална исклученост поради пандемијата од КОВИД-19.

Специфични цели беа:

- Да се подобрат физичката, социјалната, емоционалната и менталната состојба на луѓето во ризик од сиромаштија и социјална исклученост преку обезбедување интегрирани социјални услуги и
- Да се намали ризикот од меѓу-генерациска сиромаштија и социјална исклученост преку пристап до соодветни образовни услуги и стекнување со основни животни вештини.

Целни групи на проектот „Грижи се“ беа следните:

- Граѓани кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост и граѓани кои се во ризик од сиромаштија и социјална исклученост
- Невработени лица кои не се вклучени во јавните системи на здравствена заштита и социјална заштита
- Бездомници и лица кои се во ризик од бездомништво
- Самохрани родители и нивните деца и сиромашни семејства со повеќе деца
- Деца и тинејџери кои се во ризик да го напуштат училиштето и нивните родители
- Ранливи групи кои традиционално се во ризик од маргинализација и социјална исклученост, како што се сиромашните ромски заедници
- Стари луѓе и
- Жени и девојки

Проектните активности кои беа реализирани во рамките на „Грижи се“ беа групирани во следните кластери на активности:

0. Подготвителни активности
1. Интегрирани психосоцијални и правни услуги
   1.1. Програма за социјални услуги
   1.2. Програма за мобилни основни здравствени услуги
   1.3. Програма за интегрирани услуги за домување
2. Програма за редуцирање на ризикот од меѓу-генерациска сиромаштија
   2.1. Услуги за образовна поддршка
   2.2. Програма за развој на животни вештини и
   2.3. Координација, подигање на свеста и дисеминација.

Во рамките на овој проект, Љубезност во последните шест месеци од проектот, односно во периодот јануари – јуни 2023 година ги постигна следните резултати:

- На пет бездомни домаќинства со вкупно единаесет членови на домаќинствата им е обезбедено домување преку услугите за вдомување со поддршка
- Во рамките на пилотирањето на превентивни мерки за намалување на бездомништвото, социјални и правни услуги добија 75 семејства во ризик од бездомништво со вкупно 135 членови на семејствата

- 91 директен корисник на Љубезност има добиено психосоцијална поддршка и социјални услуги, од кои 51 доби техничка поддршка и помош во остварување права на социјални трансфери
- 87 директни корисници на Љубезност добија основна медицинска помош, совети и лекови, а пет директни корисници добија здравствено осигурување со наша помош




- 80 директни корисници на Љубезност имаат добиено правни совети за остварување на своите социјални права, од кои 32 добија поддршка за да добијат лични карти и изводи од матичната книга на родените
- Во рамките на проектот „Грижи се", извршени им се вкупно 315 медицински услуги, 325 правни услуги и 425 социјални услуги на 120 различни директни корисници, од кои 89 се жени, а 31 е маж
- Проектот има 404 членови на кориснички семејства кои се индиректни корисници, од кои 199 се деца на возраст под 18 години и
- 76 жени и девојки или 85,39% од жените и девојките добија социјални и правни совети и поддршка.

5. **„TAKE CARE II – INTEGRATED SOCIAL AND HEALTH CARE FOR VULNERABLE POPULATION IN NORTH MACEDONIA".** Грижи се 2 претставува продолжение на претходно завршениот проект Грижи се, но за разлика од него се фокусира на вдомување бездомници и на лица во социјален ризик. ЗГ Проектот „Грижи се 2" го спроведуваат Фондацијата Македонски Каритас, ЗГ Љубезност и Асоцијацијата за демократски развој на Ромите „Сонце" под раководство на Каритас Австрија во периодот од 1 октомври 2023 до 31 март 2025 година. Грижи се 2 е финансиран со грант од Австриското министерство за социјална работа, здравствена заштита, грижа и заштита на потрошувачите во висина од 135 000 евра.

   Општа цел на проектот е да им обезбеди достоинствени и долгорочни можности за домување на луѓето кои живеат во сиромаштија и на луѓето кои се во зголемен ризик од сиромаштија и социјална исклученост поради економската криза во државата.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Проектот е насочен кон најранливите и маргинализираните општествено-економски групи (сиромашните и социјално исклучените лица, бездомниците, жените, девојките и децата) и маргинализираните заедници во Скопје, Тетово и Гостивар.
Во периодот на спроведување на овој проект се преземаат превентивни мерки и целните групи добиваат интегрирани услуги и домување до кои во спротивно би имале ограничен пристап или воопшто не би имале пристап. Овие услуги се прилагодени на потребите на секое семејство и вклучуваат технички совети и поддршка на директните корисници кај локалните институции за остварување на правата на социјални трансфери, како и помош во решавање на проблемите со домувањето. Дополнително, корисниците на проектот имаат можности да ги развиваат нивните основни општествени, здравствени и финансиски животни вештини.



Специфични цели се:

1. Луѓето засегнати од сиромаштија и луѓето во висок ризик од сиромаштија и исклученост преземаат проактивни мерки за да ја обезбедат сопствената егзистенција и
2. Луѓето засегнати од сиромаштија и луѓето во висок ризик од сиромаштија и исклученост имаат подобар пристап до превентивни мерки и интегрирано вдомување со поддршка за време на економската криза.

Проектни активности:

1. Идентификување на луѓето засегнати од сиромаштија и луѓето во ризик од сиромаштија и социјална исклученост во Скопје, Тетово и Гостивар
2. Одржување работилници и менторство за основни животни вештини за маргинализирани семејства
3. Техничка поддршка и менторство за евалуација на социјалните услуги и трансфери
4. Обезбедување интегрирани услуги за домување
5. Координација, сензитизација и дисеминација и
6. Изработка, презентација и дистрибуција на документ за јавни политики.

Резултати постигнати од Љубезност во периодот октомври – декември 2023 година:

- Четири домаќинства добиле обуки и менторство за управување со лични финансии
- Вкупно 28 корисници на Љубезност добиле техничка помош и поддршка за добивање социјални услуги и трансфери
- Четири бездомни семејства добиле интегрирана поддршка за вдомување
- Вкупно 212 различни корисници се засегнати со проектот, од кои 129 се жени а 83 се мажи
- Вкупно 116 домаќинства се директно засегнати со проектните активности
- Вкупно 42 жени, односно 32,81% од жените и девојките добиле специфични тематски социјални и правни совети и поддршка и
- Вкупно 65 лица, односно 30,66% од директните корисници на проектот ѝ припаѓаат на ромската заедница.

6. **„НАМАЛУВАЊЕ НА ОТПАДОТ ОД ХРАНА ПРЕКУ СОБИРАЊЕ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВИШОКОТ НА ХРАНА ДО БЕЗДОМНИТЕ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ ЛИЦА ВО СКОПЈЕ".** Нашето Здружение за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност – Скопје самостојно го спроведе овој проект во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година. Проектот беше финансиран од Програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ, Global Environment Facility), а неговиот вкупен реализиран буџет изнесуваше 39 740 американски долари, од кои 21 000 долари грант од ГЕФ, а преостанатите 18 740 долари беа готовинско и безготовинско кофинансирање на Љубезност.
Цел на проектот беше да се намали отпадот од храна преку собирање и дистрибуција на вишокот храна до бездомните и социјално загрозените лица во Скопје. Ние сакаме да пилотираме одржлив систем за управување со вишокот храна за тој, наместо да заврши како отпад од храна, да им се даде на граѓаните кои имаат недостиг од храна. Сакаме да започнеме со воспоставување на ваков систем најпрво во мал обем, за да се стекнеме со искуство и со капацитети за управување со него, за потоа, во зависност од можностите постепено да го зголемуваме во обем и во него да вклучуваме се повеќе чинители.

Специфични цели на проектот беа:

1. Да се откријат извори на вишок храна
2. Да се утврди кои претпријатија сакаат да ги донираат своите вишоци храна
3. Да се утврди кому му е потребна храната
4. Да се набави товарно моторно возило за превоз на вишокот храна
5. Континуирано да се редистрибуира храната од претпријатијата донатори до оние на кои им е потребна и
6. Да се подигне свеста дека храната не е отпад и за корисста од нашиот проект.

Како резултат од ова, создадовме пример кој можат да го применуваат и други граѓански организации кои работат во сродни области, а се надеваме дека во некоја подалечна иднина ќе успееме овој систем за управување со вишокот храна да го преточиме во законско решение, какви што веќе постојат во други европски држави.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Проектот го спроведовме, за од една страна да го намалиме големото количество храна која се фрла како отпад и на тој начин да го намалиме отпадот, а од друга страна овој вишок храна да го употребиме за намалување на гладот и на недостигот од храна со кои се соочуваат лицата кои живеат во сиромаштија.
Крајни корисници на проектот беа триста социјално загрозени граѓани кои живеат на територијата на градот Скопје, кои континуирано го добиваа вишокот храна од претпријатијата.

Во рамките на овој проект ги спроведовме следните активности:

1. Мапирање потенцијални донатори од редот на производители и дистрибутери на храна
2. Комуникација и лобирање кај потенцијалните донатори на вишок храна
3. Набавка на товарно моторно возило за редистрибуција на вишокот храна
4. Подигање на вишокот храна од донаторите и дистрибуција на вишокот храна на крајните корисници и
5. Комуникациски активности.



ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Позначајни постигнати резултати:

- Идентификувани се вкупно 295 претпријатија производители и дистрибутери на храна
- Месечните количини на вишок храна на идентификуваните производители и дистрибутери на храна изнесуваат 71 770 килограми
- Воспоставена е комуникација со 39 производители и дистрибутери на храна
- Успешно е лобирано кај дванаесет производители и дистрибутери на храна
- Набавено е едно товарно моторно возило – комбе со вредност од 7 230 американски долари за редистрибуција на вишокот храна
- Добиени се вкупно 2 035,63 килограми храна од дванаесет претпријатија за една година
- Месечно се дистрибуирани просечно по 169,64 килограми храна на просечно по 300 бездомници, социјално загрозени лица, лица со попреченост, со хронични болести и со зависности и
- Бројот на граѓаните кои преку анкета потврдиле дека се информирани за отпадот од храна и за можностите за редистрибуција на вишокот храна изнесува 149.

## ВМРЕЖУВАЊЕ И УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ

1. **Во текот на 2023 година оствaривме вмрежување** со повеќе граѓански организации од Северна Македонија и странство, платформи и мрежи на граѓански организации, претпријатија, банки, платформи за донирање на пари и храна, единици на локална самоуправа, меѓународни организации, меѓународни програми, министерства и други институции на централната и локалната власт, образовни институции и неформални групи на граѓани.

2. **Во тековната година сме учествувале на 174 настани и состаноци.** На овие средби учествувале вкупно 414 претставници на Љубезност или просечно имало по 2,38 учесници од Љубезност по средба.

3. **Партнерство за отворени власти.** Љубезност е членка на Мрежата на граѓански организации на Партнерството за отворени власти и на процесот за донесување на новиот Национален акциски план на Партнерството за отворени власти за периодот 2024 – 2026 година. Во рамките на оваа мрежа во текот на 2023 година учествувавме на неколку состаноци на работната група во рамките на Партнерството за отворени власти.



4. **Во 2023 година ја продолживме соработката со Националниот младински совет на Македонија** во рамките на нивниот проект Млади Хаб. Учествувавме на два настани за виртуелно практикантство и на уште еден за социјално претприемништво за младинско вработување во Северна Македонија.

5. **Во рамките на неформалната мрежа за социјално претприемништво ИСЕН** (International network for social entrepreneurship), чиј ко-основач е Љубезност, во текот на 2023 година имавме неколку состаноци со националните партнери од Македонија, на кои се разговараше за заедничките иницијативи „Ајвар и сирење“ и „Тегла плус“. Во декември 2023 година имавме два тридневни собирни пунктови заедно со партнерите од мрежата.

6. **Состаноци и настани поврзани со проектите Грижи се и Грижи се 2.** Во 2023 година учествувавме на повеќе настани за асистирани банкарски сметки, вдомување со поддршка, регистрирање фантоми и на други теми, а имавме и повеќе состаноци со чинители релевантни за овој проект, како што се ЕВН, Шпаркасе Банка, МТСП, МЦСР Скопје и МЦСР Тетово.

7. **Учество на настани на програмата Цивика мобилитас.** Во текот на 2023 година претставници на Љубезност учествуваа на национален форум, средба за вмрежување и информативна сесија на Цивика мобилитас кои се одржаа во Хотелот Александар Палас во Скопје, а на кои присуствуваа претставници на стотина граѓански организации од целата држава.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

8. **Community investment platform (CIP)** – На 31 март 2023 година Љубезност поднесе пријава за членство во Платформата за инвестиции во заедницата, а на 15 април 2023 поднесе образец за апликација на повикот за доделување грантови од ЦИП.

9. **Родово одговорно буџетирање (РОБ)** – Нашето здружение поднесе пријава за учество во нивната мрежа на 6 април 2023 година.

10. **Работна група за подготовка на Нацрт - законот за донирање вишок храна.** Љубезност е членка на оваа работна група заедно со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, Министерството за финансии, Министерството за животна средина, Агенцијата за храна и ветерина и неколку граѓански организации. Во текот на 2023 година беа одржани три состаноци на оваа работна група.

11. **Комисија за унапредување на правата на пациентите на Град Скопје.** На 14 март 2023 година претставници на Љубезност учествуваа на седница на Комисијата за унапредување на правата на пациентите на Град Скопје на која разговараа за проблемите околу здравствената заштита со кои се соочуваат нашите крајни корисници кои мобилниот тим на Љубезност ги има детектирано при работата на терен.



12. **Совет за женско претприемништво на Град Скопје.** Претставници на Љубезност учествуваа на обука на тема „Правата од интелектуална сопственост и вашиот бизнис" организирана од Советот за женско претприемништво на Град Скопје која се одржа на 31 мај 2023 година.

13. **Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (BCSDN).** На 25 јануари 2023 година учествувавме на онлајн настан организиран од оваа мрежа за успесите и предизвиците на граѓанските организации за отчетност во услови на криза. На 6 јуни 2023 година претставници на

Љубезност учествуваа на работилница на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество на која се зборуваше како партнерствата помеѓу граѓанските организации можат да го подобрат развојот на локалните заедници.

14. **Организација за домување и станари (НТО).** Во текот на годината имавме неколку состаноци и учествувавме на неколку настани на Организацијата за домување и станари на теми домување и млади, учество на младите во донесувањето одлуки за домување, и активни млади за соодветно домување.

15. **Мрежа за финансиска одржливост на граѓанските организации.** Со другите членови на оваа мрежа која е раководена од здружението Конект, во текот на 2023 година учествувавме на неколку работилници и други настани на теми поврзани со финансирањето на граѓанските организации.

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА

1. Вдомување со поддршка на бездомни лица
2. Продолжување со посредувањето при вработување социјално загрозени лица со зголемување на бројот на претпријатија вклучени како потенцијални работодавци
3. Интегриран пристап на вршење психосоцијална, правна и медицинска поддршка на крајните корисници
4. Санација, реновирање и ситни поправки во домовите на социјално загрозените лица
5. Одржување, ажурирање и надградба на веб сајтот на Љубезност
6. Ажурирање на етичкиот кодекс на Љубезност
7. Продолжување на спроведувањето на проектот „Грижи се II" во текот на годината, за овој проект да заврши на почетокот од 2025 година
8. Повторно аплицирање на новиот повик за финансиска поддршка на австриското министерство за социјална работа, здравствена заштита, грижа и заштита на потрошувачите, кој се очекува да биде отворен во средината на 2024 година

9. Повторно аплицирање на повик од Глобалниот еколошки фонд со продолжување на завршениот проект „Намалување на отпадот од храна преку собирање и дистрибуција на вишокот на храна до бездомните и социјално загрозените лица во Скопје“
10. Подготовка на нови предлог проекти за аплицирање на јавни повици за финансиска поддршка од институции на централната и локалната власт
11. Пријава на повици од Смарт Балкан, Вишеградски фонд, Цивика мобилитас, амбасади и други меѓународни донатори
12. Продлабочување на соработката со постојните партнерски здруженија од земјата и од странство, платформи и мрежи, неформални иницијативи и групи на граѓани, институции на централната и локалната власт, образовни и здравствени установи и претпријатија и отпочнување соработка со нови потенцијални партнери
13. Продолжување на активностите со иницијативата Ways2help за плаќање заостанати сметки за електрична енергија и вода на нашите крајни корисници и за донирање училишни ранци и прибор на деца од социјално загрозени семејства
14. Продолжување на активноста за плаќање пакети за сиромашните во маркети во соработка со „Направи повеќе“ преку платформата Box2help
15. Донирање пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители во зимата 2024/2025 година
16. Зголемување на обемот на сите други самостојни активности кои ги имавме во 2023 година и прераснување на пилот активностите во постојани активности
17. Отпочнување со други пилот активности, самостојно или во соработка со други чинители
18. Лобирање за изградба и отворање на Центар за социјална инклузија
19. Отпочнување на постапката за добивање лиценца за вршење социјални услуги
20. Учество на обуки, семинари, работилници и конференции за градење на капацитетите на здружението и за вмрежување со разни чинители од земјата и од странство
21. Воведување нови внатрешни правила и процедури во работењето на нашето здружение
22. Соработка и размена на искуства со партнерски организации од европските земји и
23. Наоѓање нови начини за прибирање средства од индивидуални донатори – граѓани.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




Забелешка: Овие телефонски броеви се активни само во еден период од годината.

Скопје, 22.05.2024 година

ЗГ Љубезност
Изработил
Димитар Илчов

Одобрил
Тони Станковски